**ОПШТИНА ЛОЗОВО**
**Адреса: ул.Маршал Тито бб 2208 Лозово**
**тел/фах: +389 (0) 32 458 458**
**+389 (0) 32 458 450**
**e-mail: opstinalozovo@opstinalozovo.gov.mk**
**www.opstinalozovo.gov.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-2206/1
13.12.2021 год.

Врз основа на чл. 50 ст.1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.С.Македонија бр.05/2002) , член 36 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник на Општина Лозово бр. 02/05, 29/14 и 73/17) и Програмата за Ден на Општина Лозово за 2021 година бр.0801-1726/1 од 18.11.2020 година Градоначалникот на Општина Лозово на ден 13.12.2021 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

**За распишување на ЈАВЕН ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС по повод одбележувањето на ,, Ден на Општина Лозово,,**

**1) Градоначалникот на Општина Лозово, распишува Јавен Литературен конкурс на тема ,,Училиштето – моја водилка низ животот,,**

**2) Во врска со Јавниот конкурс, Градоначалникот на Општина Лозово, со посебно решение ќе формира Комисија за рангирање на најдобрите литературни творби, кои ќе бидат изработени на тема: ,,Училиштето – моја водилка низ животот,,**

**3) Право на учество имаат сите ученици од ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово од I до IX одделение.**

**4) За најуспешните литературни творби , ќе бидат доделени соодветни награди**

**5) Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување на истата.**

***Дата:***
***13.12.2021 година***

***Општина Лозово***
***Градоначалник***

***Бошко Цветковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0961 - 2208/2
13.12. 2021 год.

Врз основа на чл. 50 ст.1 точка 16 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.С.Македонија бр.05/2002) , член 36 од Статутот на Општина Лозово (Сл. Гласник на Општина Лозово бр. 02/05, 29/14 и 73/17) и Одлука бр.__________ од 13.12.2021 година за Распишување на ЈАВЕН ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС на тема ,,, **Училиштето – моја водилка низ животот**, по повод Денот на Општина Лозово Градоначалникот на Општина Лозово на ден 13.12.2021 година ја донесе :

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за избор на најдобрите литературни творби на тема ,, Училиштето – моја водилка низ животот,,**
**по повод Денот на Општина Лозово**

*1)* ***СЕ ФОРМИРА*** Комисија за избор на најдобри литературни творби по повод Денот на Општина Лозово , на тема ,, **Училиштето – моја водилка низ животот** ,, во состав:
-Убавка Дончевска – Претседател
-Лорета Рушкова - член
-Стојан Пешевски - член
**2) СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за избор на најдобрите литературни творби по повод Денот на општината на тема: ,, **Училиштето – моја водилка низ животот** ,, да објави Јавен конкурс
**3) СЕ ЗАДОЛЖУВА** Комисијата за избор на најдобрите литературни творби пристигнати во општината по повод Денот на општина Лозово , на тема ,, **Училиштето – моја водилка низ животот** ,, доставени од учениците од ООУ ,, Методи Митевски Брицо,, од Лозово , најдоцна до 23.12.2021 година( Четврток), да изврши избор на најдобрите литературни творби и одлуката да ја достави до Градоначалникот на Општина Лозово
4)**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Бошко Цветковски – Градоначалник на Општина Лозово да ги соопшти избраните литературни творби на тема **,, Училиштето – моја водилка низ животот ,,**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Од страна на Бошко Цветковски, Градоначалник на Општина Лозово, по повод Ден на општината донесена е одлука за распишување на ЈАВЕН ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС на тема: ,, **Училиштето – моја водилка низ животот**,,. Право на учество имаат сите ученици од I до IX одделение при ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово. Градоначалникот на Општина Лозово за најдобрите творби на тема ,, **Училиштето – моја водилка низ животот** ,, ќе додели соодветни награди.
Имајќи го предвид погоренаведеното, Градоначалникот се одлучи како во диспозитивот на ова Решение
Правна поука: Против ова решение незадоволната страна има право да покрене управен спор во рок од 8 дена од денот на приемот на ова Решение пред Управен суд.
***Дата:***
***13.12.2021 година***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Општина Лозово***
***Градоначалник***
***Бошко Цветковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-2208/3
13.12. 2021 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на Одлука бр.0901-2208/1 од 13.12.2021 год. за распишување на ЈАВЕН ЛИТЕРАТУРЕН КОНКУРС по повод Денот на Општина Лозово, донесена од Градоначалникот на Општина Лозово и Решение бр.0901-2208/2 од 13.12.2021 година за формирање на Комисија за избор на најдобрите литературни творби на тема: **,, Училиштето – моја водилка низ животот ,, Претседателот на комисијата на ден 13.12.2021 година објавува:**

**Ј А В Е Н   К О Н К У Р С**

**за изработка на литературни творби на тема:**

**,, Училиштето – моја водилка низ животот ,,**

**Цел на конкурсот:**

Конкурсот се распишува со цел да се стимулира детското литературно творештво, да се поттикне креативноста кај младите и да се зајакне љубовта кон творењето .

**Услови:**

1.Право на учество имаат сите ученици од ООУ ,,Методи Митевски Брицо,, од Лозово од I до IX одделение
(Темата треба да е претставена со оригинални литературни творби кои претходно не се објавувани и не учествувале на други конкурси).
2.Творбите треба да бидат напишани на македонски јазик .

3.Пристигнатите творби ќе бидат разгледани од Комисијата оформена од страна на Градоначалникот на Општина Лозово која ќе одлучува по истите.

4.Градоначалникот ќе додели 3 (три) награди за најуспешните литературни творби.

5.Сите пристигнати литературни творби ќе бидат изложени на свеченост организирана по повод Денот на општина Лозово .
Секој заинтересиран учесник литературната творба да ја потпише со име презиме, да наведе одделение, ментор и училиште. Творбите се доставуваат до Општина Лозово на ул. Маршал Тито бб, најдоцна до 22.12.2021 година со назнака за ,,Комисија за избор на најдобрите литературни творби од Општина Лозово,,.
За најдобрите литературни творби за I, II и III место ќе се обезбедат скромни награди
Комисијата за избор ќе додели и дополнителни награди во облик на благодарници за учество и пофалници за успешни литературни творби.

Дата:13.12.2021 година

***Општина Лозово***
***Градоначалник***
***Бошко Цветковски***

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАДОНАЧАЛНИК * ОПШТИНА ЛОЗОВО

***Општина Лозово***
***Претседател на комисија***
***Убавка Дончевска***